## Фудбалски клубови во Тетово и Долни Полог

Непосредно по завршувањето на Првата светска војна, од група млади гимназијалци и напредни интелктуалци од Тетово, а под големо влијание на студентите кои студираат во странство, и др. на 28 Јули 1922 година е формиран Фудбалскиот клуб Љуботен од Тетово.
Во наредната 1923 година е формиран и фудбалскиот клуб Спарта, кој му бил неколку години лут ривал на Љуботен. Наредните години ( 1928 ) е регистриран ФК Граѓански, (1932) ФК Бистрица, (1935) Југословен, кој власта го преименувала во Обилиќ.
За време на Втората светска војна нема организирани фудбалски натпревари и фудбалските клубови престанале да постојат.
После ослободувањето ФК Љуботен продолжува да игра и има неколку прекини, а од 1948 година се јавува и ФК Шар, кој во 1951 година се преименува повторно во Љуботен и под тоа има се натпреварува до денес.
Од 1949 година до крајот на 50-те години, покрај Љуботен, се појавуваат повеќе фудбалски екипи: Динамо, Земјоделско, Иднина, Трактор, Мишка, ОС.З.З, Работник, Металец, Гранап и др., а од селата фудбалски екипи имало во: Лешок, Теарце, Вратница, Радиовце и др.
Во 1953 година се формира ФК Теткстилец од Тетово, од страна на Волнарскиот текстилен комбинат " Тодор Циповски- Мерџан "од Тетово, кој во 1961 година е регистриран под името ФК Тетекс од Тетово. Со формирањето на ФК Тетекс, ФК Љуботен доби јак ривал и градски конкурент, кое ги донесе најголемите фудбалски резултати на клубовите од Тетово на ниво на Македонија и на ниво на СФР Југославија од 1950 год. до денес 2009 година.
Во претходните 90 години боите на ФК Љуботен од Тетово ги бранат многу генерации играчи од Тетово, но, и од околните села. Јас во ова книга не би ги споменувал, но, би скал да нагласам дека авторот Гојко Ефтовски во книгата "ФК Љуботен " споменува многу играчи од основањето, па, се до денот на објавувањето на кнгата во 1979 година.



( Крсте Лешко, играч 1931-1941 на ФК Љуботен, Тетово, потекло од поповскиот род Лешкови, Лешок)
( Krste Leshko, footballer 1931-1941 from FK Ljuboten, Tetovo, origin from genus Leshkovi, Lesok)



(ФК Љуботен од Тетово во 1931 )
( FK Ljuboten , Tetovo, 1931 )

Еден од првите иницијатори во 20-те години на минатиот век за формирање на ФК Љуботен бил и Крсте Лешков, од Тетово, студент по економија во Лозана, Швајцарија, кој потекнува од родот Лешкови односно Попооj од Лешок. Ова ми го изјави во 2006 година неговиот син Симо Лешков од Скопје, кој е лекар во пензија. Меѓу првите играчи кои ги бранеле боите на ФК Љуботен биле и тетовчаните Круме Лешков, а подоцна во 50-те и Борче Лешков, кои, исто така имаат потекло од родот Лешкооj односно Попооj од Лешок.



( Борче Лешков од Тетово, со потекло од свештеничкиот род Лешкови од Лешок, фудбалер на Љуботен од Тетово и Граѓански од Скопје )
( Borce Leshkov from Tetovo, origin genus Leshkooj from Lesok, footballer FK Ljuboten, Tetovo and Graganski, Skopje )

После ослободувањето во 50-те години има плеада на играчи кои ФК Љуботен од Скопскиот фудбалски потсојуз го внесуваат во Македонска фудбалска лига, а меѓу нив е и Ламбе Бојаровски, кој е со потекло од Ранци, Егејска Македонија, а кој неколку години живееше и првите фудбалски заења ги научи во Лешок.
Би сакал да нагласам дека Раско Мирчевски од Лешок, покрај што ги барни боите на ФК Оникс од Лешок, настапува и ги брани и боите на ФК Љуботен, а долги години работи и како професионален тренер и на постарата и на помладата екипа и е многу заслужен за постигнатите успеси и фудбалски резултатити на Љуботен и Тетекс, како и за многу спортски резултати во тетовско.
Во 70-те години ФК Љуботен ги продолжува успесите и од плеадата играчи, голем придонес за успесите на сините љуботенци даде и Перко Васовски од Лешок, кој фудбалската вештина ја стекна во ФК Оникс од Лешок.
Во 1953 година се формира ФК Теткстилец, од страна на Волнарскиот текстилен комбинат " Тодор Циповски- Мерџан "од Тетово, кој во 1961 година е регистриран под името ФК Тетекс од Тетово.
Така, со формирањето на ФК Тетекс се створи јак ривал и градски конкурентна ФК Љуботен, кое донесе до постигнување на најголемите фудбалски резултати на клубовите од Тетово на ниво на Македонија, но, и на ниво на СФР Југославија од 1950 год, па, се до денес 2009 година.
Во претходните 55 години од кога е формиран ФК Текстилец, подоцна Тетекс од Тетово боите на текстилците од Тетово ги бранат многу генерации играчи од Тетово, но, и од околните села. Во книгата " Кога тетексовото сонце беше во зенитот", авторот Владимир Кочовски ги споменува многу играчи од основањето, па, се до денот на објавувањето на книгата во 2001 година.



( Борче Форчевски од Лешок и Саре Вучевски од Ратае, фудбалери на ФК Тетекс, на гости 10.06.1964 во Гостивар, прва фудбалска вештина добија во ФК ОНИКС од Лешок)
( Borce Forcevski from od Lesok and Sare Vucevski from Ratae, footdbalers FK Teteks, 10.06.1964 to Gostivar )

Почнувајќи од септември 1949 година во 10-на села во тетовската околија се формираат фудбалски екипи и се формира тетовска зона, во која успешно се натпреваруваат повеќе екипи, меѓу кои и ФК Лешок, ФК Теараце, ФК Вратница, ФК Глоѓи и др.
Во 60-те години се формираат фудбалските екипи во неколку села: ФК Оникс, Лешок, Фк, Бистрица Тераце, ФК Хајдук Вратница, ФК Мурговец Врапчиште, ФК Хајдук Зубовце, и др. , кои успешно се натпреваруваат во тетовскиот потсојуз.
Во 60-те години има плеада на играчи на ФК Тетекс и Љуботен од Тетово, кои тогаш играат во Македонска фудбалска лига, од Лешок, Теарце, Вратница и др. села, а најпознат и најзаслужен од Лешок е Борче Форчевски, кој неколку години играше за ФК Лешок и подоцна за ФК Оникс и кој првите фудбалски знаења ги научи во Лешок, на терените на Костоо, Млака и Пефчина.



( Борче Форчевски, прв афирматор на фудбалот на ФК ОНИКС, Лешок и ФК Тетекс, Тетово)
( Borce Forcevski, he was first who made affirmation of the football of FK ONIKS, Lesok and FK Teteks, Tetovo)

Борче Форчевски е во тимот на ФК Тетекс кој во 1968/69 беше шампион во Македонската фудбалска лига и во квалификациите успеа да се пласира во Втората фудбалска лига-Исток и за прв пат почна да се натпреварува во 1969/70 година во Втора сојузна фудбалска лига-Исток. Така, ФК Тетекс успешно се натпреваруваше во Втората сојузна лига-Исток и во 1980/81 година е шампион и влезе во Првата фудбалска лига на Југославија. ФК Тетекс се натпреваруваше во сезоната 1981/82 година во Првата сојузна фудбалска лига и на Градскиот стадион под Шара дојдоа славните фудбалски клубови, Вардар, Црвена Звезда, Партизан, Динамо, Хајдук, Сараево, Олимпија, Железничар, Вележ, Војводина, ОФК Београд и др. Борче Форчевски своите знаења стекнати во ФК Лешок, и подоцна во ФК Тетекс ги пренесе и на своите ќерки Светлана и Лидија Форчевски.
Би сакал да нагласам дека покрај нашиот Лешанец Борче Форчевски, голем придонес за успесите на ФК Тетекс и ФК Љуботен има и Раско Мирчевски од Лешок, кој покрај тоа што ги бранеше боите на ФК Оникс, беше резервен член на фудбалската екипа на ФК Тетекс, а работеше и како професионален тренер. Раско како заљубеник во спортот и како стручњак и професионалец има големи заслуги за постигнатите успеси и фудбалски резултатити на ФК Тетекс и на ФК Љуботен.



( Саре Вучевски, Ратае)
( Sare Vucevski, Ratae)

Би сакал да напоменам дека боите на ФК Тетекс успешно ги брани и има големи заслуги за фудбалските успеси и Саре Вучевски, од Ратае, кој првата утакмица и првите знаења ги научи во ФК Оникс од Лешок.
Од Ратае за ФК Оникс играше и Перо Јовановски и првите знаења за фудбалот ги стекна во Лешок, кој своите знаења ги пренесе и на синовите Зоран, Горан и Борче Јовановски.
Од Жилче за ФК Оникс играше и Цветко Ѓуровски, кој првите знаења за фудбалот ги стекна во Лешок, а ги пренесе и на синовите Бошко и Милко Ѓуровски, кои подоцна играат во Црвена Звезда и др клубови и за македонската репрезентација.



( Раско Мирчевски, Лешок)
( Rasko Mircevski, Lesok)

Од кога се основа во 60-те години, ФК Југохром од Јегуновце успешно се натпреварува најнапред во тетовскиот фудбалски потсојуз во 70-те години, а потоа во македонската фудбалска лига и во вардарската регионална лига. Боите на ФК Југохром успешно ги бранат најнапред Драго Војновски Диди и Раско Аврамовски Каша, а потоа Ане Поповски Генто, како и други играчи од Лешок.
Од фудбалската ризница на ФК Оникс од Лешок повеќе млади играа и за други тимови, како Зоран Ристовски во Работник Тетово, од кого научија врвно да играат одбојка неговите синови Томе и Жарко Ристовски. Жарко Ристовски игра за македонската репрезентација во одбојка и 2005 и 2006 година е прогласен за одбојкар на годината на Македонија.
Од спортската школа на ФК Оникс од Лешок произлезе и Мирко Коцевски, кој игра фудбал за Работник и одбојка за Ок Лешок и ОК Љуботен, како и многу други играчи од Лешок, за кои понатака во книгата ќе напишам.
Во Долни Полог од ослободувањето до денес има голема и долга традиција за фудбалската игра и од 1949 година кога за прв пат се организира натпревар во тетовската фудбалска зона од неколку села има фудбалски екипи и тоа: Лешок, Теарце, Вратница, Радиовце, Глоѓи, Јегуновце, Врапчиште и други села. Подоцна, 60-те години се формира тетовски фудбалски потсојуз, во кој играат екипи од Тетовско,

гостиварско и дебарско, во кој играле : ФК Оникс Лешок, ФК Бистрица Теарце,ФК Хајдук Вратница, ФК Кораб Дебар, ФК Работник Тетово, ФК Хајдук Зубовце и др.
Не е познато дека ФК Љуботен гостувал во Лешок, пред Втората светска војна, ама е сигурно дека највише децата од Љешок учеле и се угледувале на играчите од ФК Љуботен од Тетово, како и на фудбалерите на ФК Бистрица, ФК Југословен сите од Тетово, а се угледувале и на фудбалерите на ФК Граѓански, ФК Шпарта, ФК Напредок, ФК ССК, ФК Себап, еврејскиот клуб ФК Макаби од Скопје, потоа на ФК Братство од Гостивар, ФК Кајмакчалан од Битола, ФК Одбрана од Призрен, ФК Стари Трг од Косовска Митровица, ФК КСК од Куманово, и др.




Стојат: С. Томоски, М. Богоевски, К. Петровски, М. Стеваноски, К. Мисајловски, Д. Златески
Седат: Ј. Николоски, З. Атанасовски, П. Димоски, СС. Милосавловски, М. Симоски

( ФК Хајдук Вратница-Извор: ред. бр. 21 )
( FK Hajduk Vratnica- Sources: No. 21 )

За време на војната 1941-1944 во Лешок замира секакво собирање и играње фудбал, исто како што замира и фудбалот во Тетово и ФК Љуботен престанува да постои овие години. Секако дека имало играње на топка на мала група деца, но, не организирано и да има натпревари.
Од 1948,49,50 година се јавува ФК Шар од Тетово, кој подоцна се спојува во ФК Љуботен.
Во 1945 година ФК Љуботен одново отпочнува да игра под ова име. Подоцна два пати се преименува во ФК Шар и под ова име настапува до крајот на 1950 година, за да од почетокот на 1951 година настапува под ова име и постои се до денес.
Значи, оваа година ( 2009 ) ФК Љуботен има значаен јубилеј 90 години од основањето, што е прекрсен јубилеј, а ФК ЛЕШОК 60 годишен јубилеј.
Од 1945 до 1960 во Скопски потсојуз играат клубовите: Фк Работнички, ФК Динамо, ФК Графичар, ФК Вардар, ФК Слога, ФК Текстилец, ФК Мателец ФК ССК сите од Скопје, потоа ФК Текстилец од Тетово, ФК Братство Гостивар, ФК Бистрица Галичник, ФК Локомотива Ѓорче Петров, ФК 11 Октомври и ФК Напредок од Куманово, ФК Црвена звезда Титов Велес, ФК Рудар од Радуша и др.